# Известување за концентрација со која КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје ќе стекнат заедничка контрола над ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Скопје, дел од работењето на НУТРИВЕТ ДОО Скопје и на ЕКОПАК СКС ДОО Скопје (предмет бр. 08-98/2023)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 05.07.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација како резултат на која КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка со седиште на ул. Тринаесетти октомври бр.1, Умка Србија („КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ“) и НУТРИВЕТ ДОО Скопје со седиште на ул. Лисец бр.1Б Скопје („НУТРИ ВЕТ“) имаат намера извршат спојување на бизнисот за собирање, транспорт, складирање и третман на неопасен отпад на НУТРИВЕТ, кој ќе биде издвоен во специјално наменско друштво („СНД“) со бизнисот на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Борис Трајковски бр.87 Скопје – Кисела Вода целосно зависното друштво на КАППА СТАР („ЕСР“), на начин што СНД ќе се присоедини кон ЕСР над кое крајно КАПА СТАР РЕСАЈКЛИНГ и НУТРИВЕТ ќе имаат заедничка контрола, а воедно ЕСР ќе ја откупи опремата за транспорт на неопасен отпад од Друштвото за производство, трговија и услуги ЕКОПАК СКС ДОО Скопје со седиште на ул. Ѓорѓи Абаџиев бр.12 Скопје („ЕКОПАК СКС“).

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

**КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО Умка** е друштво со ограничена одговорност основано во Република Србија, со основна трговска дејност - Обновување на посебно издвоени материјали.

**НУТРИВЕТ ДОО Скопје** е друштво со ограничена одговорност со приоритетна дејност - Трговија на големо со отпадоци и остатоци.

**ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Скопје** (ЕСР) е друштво со ограничена одговорност со приоритетна дејност - Собирање на безопасен отпад. КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ единствен содружник на ЕСР.

**КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ** и **ЕСР,** вклучително и нивните владејачки и поврзани друштва кои ја сочинуваат КАПА Групацијата, немаат други зависни друштва регистрирани на територијата на Република Северна Македонија.

НУТРИВЕТ директно поседува удели во:

1. Друштвото за производство , трговија и услуги ГРЕЕН СТАР ДОО Битола со седиште на ул. Новачки пат бр.13, Битола со регистрирана приоритетна дејност 70.22 - дејности на советување во врска со работењето и останато управување;
2. Друштво за производство, трговија и услуги ГРЕЕН СТАР ЕНЕРЦИ ДОО Битола со седиште на ул. Новачки пат бр.13, Битола со регистрирана приоритетна дејност 35.11 - производство на електрична енергија;

Од друга страна, содружниците на НУТРИВЕТ, **Г-дин Живко Серафимовски и Г-дин Миодраг Костоски** поседуваат удели во**:**

1. **Друштвото за производство, трговија и услуги ЕКОПАК СКС ДОО Скопје** со седиште на ул. Ѓорѓи Абаџиев бр.12 Скопје со ЕМБС 6027814 ул. Лисец бр.1Б Скопје со приоритетна дејност 46.90 – неспецијализирана трговија на големо;
2. **Друштво за печатарски услуги ПЕЧАТНИЦА СЕРАФИМОВСКИ ДОО Скопје** со седиште на ул. Лисец бр.1 Скопје -Аеродром со приоритетна дејност 18.11 - Печатење на весници;

Г-дин Живко Серафимовски поседува удел и во:

Друштво за производство, трговија и услуги ЕКО СЕЛЕКТ ДОО Битола со седиште на ул. Бурса бр.51 Битола, со приоритетна дејност – 46.77 - трговија на големо со отпадоци и остатоци

ЕСР и НУТРИВЕТ дејствуваат на пазарот на управување со неопасен отпад во Република Македонија.

Подносителите на известувањето сметаат дека како релевантен пазар, за целите на оценка на концентрацијата е пазар за собирање, транспорт,складирање и третман на неопасен отпад во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

10.07.2023 година
Скопје